# Тамо долу Криволачко




Таму долу Криволачко, Црвени Брегови
падна јунак за слобода, за Македонија ) 2п

Со крвничка полиција, борба водеше
цел ден он се стражуваше и им викаше ) 2п

Ви крвници на народот, надвор од тука
Македонија се дига, вас да истера ) 2п

Јас сум чесен Македонец, крв Македонска
ваште раце не се давам, сам се убивам ) 2п

Спи спокојно наш јунаку Никола Петров
ти загина за слобода, за Македонија. ) 2п